Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-496/4
Охрид. 2.10 2026 год.

Врз основа на член 132 од Статутот на Универзитетот за информатички и науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.20219 година) и условите наведени во Јавниот конкурс за избор на Ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид за мандатен период 2026-2029 година, арх. бр. 04-448/1 од 11.09.2026 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија" на ден 12.09.2026 година и „Коха" на ден 12.09.2026 година и на веб - страницата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид и пристигнатите пријави со прложени документи, Универзитетската изборна комисија на седницата одржана на ден 02.10.2026 година донесе

РЕШЕНИЕ

За утврдување на Конечна листа со кандидати за избор на ректор
за мандатен период 2026-2029 година

1.Се утврдува Конечна листа со кандидати за избор на ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, за мандатен период 2026-2029 година, по азбучен ред согласно презимето на кандидатот:

1. **Проф. д-р Атанас Христов** - редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле", Охрид;

3. Конечната листа се доставува до кандидатот, до единиците во состав на Универзитетот и се објавува на веб - страницата на Универзитетот.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

Образложение

Универзитетската изборна комисија со Решение за утврдување на Листа на кандидати за ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, за мандатен период 2026-2029 година арх. бр. 02-478/6 од 25.09.2026 година, ја утврди листата на кандидати за избор на ректор на на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, за мандатен период 2026-2029 година. Во рокот утврден за поднесување приговори по наведеното решение, не е поднесен ниту еден приговор. Имајќи го предвид наведеното, Универзитетската изборна комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на Решението.

Претседател
на Универзитетска изборна комисија
вонр. проф. д-р Анис Сефиданис

Доставено до Архива
Кандидат проф. д-р Атанас Христов
Факултети
Веб страна на УИНТ